II. GIMNAZIJA MARIBOR

II. GIMNAZIJA MARIBOR
Trg Miloša Zidanška 1
2000 Maribor
Slovenija
Tel.: +386 2 330 44 30, e-mail: ivan.lorenčič@druga.si
Tel.:+386 2 330 44 34, e-mail: polona.vehovar@druga.si

Datum: 16. 3. 2018

**ЗА СТИПЕНДИЈАТА И УСЛОВИТЕ НА ШКОЛУВАЊЕТО ВО ПРОГРАМАТА НА МЕЃУНАРОДНА МАТУРА**

II Гимназија обезбедува 9 стипендии за учениците од поранешните југословенски републики за школување во програма на меѓународна матура (International Baccalaureate) за учебната година 2018/19 и 2019/20.

Меѓународна матура е позната во светот како реномирана двегодишна предуниверзитетска програма со настава на англиски јазик, овозможувајќи квалитетно образование преку подготвување на кандидатите за универзитетските студии. Програмата трае две години и се завршува со меѓународна диплома која е призната на сите познати универзитети во светот.

На конкурсот можат да се пријават ученици кои завршиле втора година средно образование. Од кандидатите се очекува да приложат одличен успех од првата и втората година гимназија вклучувајќи одлична оценка во предметите по мајчин јазик, математика и англиски јазик. Пожелно е кандидатите да се активни во дополнителни академски и/или вонnаставни активности.

**Стипендијата вклучува**

• школарина

**Стипендијата не вклучува**

• трошоци за виза,
• патни трошоци.
• школски книги,
• сместување и исхрана во интернет

За школувањето во програмата, во текот на двете години на кандидатот треба да биде способен да си обезбеди финансиски средства во износ од приближно 500 ЕУР за:

• матурска екскурзија
• ТОК (Theory of knowledge) недела,
• IB TRAVEL.

Во случај на неспособност на одличниот кандидат да ги обезбеди горе наведените средства, самото училиште ќе се потруди да обезбеди дополнителни спонзорски средства.

Кандидатите треба да бидат свесни за следното: програмата на меѓународна матура бара академска ригорозност, наставата е целосно изведена на англиски јазик и се потребни адаптации во новата средина, во интернатот и училиштето.

Заинтересираните можат да добијат дополнителни информации барајќи ги на горната адреса или директно да го контактираат директорот на II Гимназија Марибор, г-дин Иван Лоренчич, како и координаторот на програмата, г – ѓа Полона Веховар.

Иван Лоренчич,
директор на II Гимназија Марибор

GIMNAZIJA MARIBOR 1

II. GIMNAZIJA MARIBOR

II. GIMNAZIJA MARIBOR
Trg Miloša Zidanška 1, 2000 Maribor
Slovenija
t.: +386 2 3304430, f.: +386 2 3304440
e-mail (Ivan Lorenčič): ivan.lorencic@druga.si

**Почитуван/а г-дин/г-ѓа директор,**

II Гимназија Марибор веќе неколку години наназад со голем успех ја изведува програмата на меѓународна матура и според резултатите на своите ученици се вбројува во најдобрите гимназии во светот. Програмата се изведува на англиски јазик и се темели на академска ригорозност, како и почитување на индивидуалноста и креативноста на ученикот, со цел учениците што подобро да се подготват за универзитетските студии.

Овој проект за прв пат е реализиран во учебната година 2002/03 и од тогаш па се до денес постојано се спроведува. Проектот предвидува упис на ученици од Србија (4), Црна Гора (1), Босна и Херцеговина (1) и Македонија (3), вкупно 9 ученици, кои програмата на меѓународна матура ќе ја следат заедно со словенечките ученици.

**Стипендијата вклучува**
• школарина
**Стипендијата не вклучува**
• трошоци за виза,
• патни трошоци.
• школски книги,
• сместување и исхрана во интернет

Би сакале впишувањето на кандидатите да го реализираме со ваша помош. Ве молиме, за нашиот конкурс и понудените услови како дел од школувањето да ги известите учениците кои завршуваат 2. година гимназија т.е. да ги мотивирате потенцијалните кандидати да се пријават. Исто така, ќе бидеме благодарни доколку ги информирате за програмата со помош на материјалите што се испратени во прилог како и да ги врачите пријавите на учениците.

Искрено се надеваме на вашата помош. Ве уверуваме дека се работи за многу интересен проект кој внесува нови размери во соработката помеѓу Словенија и Македонија на образовна област како и отвара нови можности на младите.

Ви благодарам,

Со голема почит,

Иван Лоренчич

Директор на II Гимназија Марибор

II. GIMNAZIJA MARIBOR
MARIBOR
1

II. GIMNAZIJA MARIBOR

II. GIMNAZIJA MARIBOR
Trg Miloša Zidanška 1
2000 Maribor
Slovenija

# РАСПИШУВА

конкурс за стипендии за упис во програмата на меѓународна матура
на II Гимназија Марибор
за учебната година 2018/19 и 2019/20

II Гимназија Марибор распишува 9 стипендии за учениците од поранешните југословенски републики.
УСЛОВИ:
- Завршени две години гимназија
- Одличен успех
- Активна соработка во воннаставни активности
- Знаење на англиски јазик

ПРИЈАВА:
- Пополнета пријава (Application form 2018)
- Фотокопија на сведителства од 1. и 2. година гимназија (1. semester)
- Потврда за воннаставни активности
- Препораки

Дополнителни информации на тел. +386 2 330 44 30, г-дин Иван Лоренчич , +386 2 330 44 34, г-ѓа Polona Vehovar.

Пријавата да се испрати на адреса: II. GIMNAZIJA MARIBOR, Trg Miloša Zidanška 1, 2000 Maribor, Slovenija, со ознака „za IB2018 ".

Рок за пријава: 15. 04. 2018 (до овој датум пријавата треба да е доставена на горната адреса)
Изборот на кандидатите ќе се изврши по преглед на пријавите и разговор со секој од нив.
http://www.druga.si

II. GIMNAZIJA MARIBOR
MARIBOR 1

TRG MILOŠA ZIDANŠKA 1, SI-2000 MARIBOR, SLOVENIJA; T +386 2 330 44 32, T +386 2 330 44 30 (TAJNIŠTVO), T +386 2 330 44 31 (RAVNATELJ), F +386 2 330 44 40
info@druga.si; www.druga.si; PODRAČUN UJP 01100-6030694994; MATIČNA ŠTEVILKA 5088917; ID ZA DDV SI62721046